EUROIMPEX
Since 1990

ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Еуроимпекс ја утврдува оваа Политика за квалитет и животна средина заради реализација на договорениот квалитет и рокови за услугите кои ги дава при увоз, продажба, испорака, пост-продажба и сервисирање на брендираните производи во согласност со искажаните и реални барања на корисниците и важечките закони и прописи, како и својата посветеност кон заштита на животната средина, што вклучува превенција од загадување и други облици на грижа.

Ориентираност и цел на Еуроимпекс е да остане лидер на македонскиот пазар во поглед на квалитетот на реализираните услуги од доменот на:

- Продажба на возила и резервни делови за возила;
- Пост-продажба и сервисирање на возила;
- Продажба на моторни масла, батерии и пневматици;
- Продажба и сервисирање на рачен алат,

како и компанија препознатлива по грижата и позитивното влијание за животната средина.

Оваа цел Еуроимпекс ја остварува со спроведување и постојано подобрување на системите за менаџмент со квалитетот и животната средина усогласени со барањата на стандардите ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015, што опфаќа:

- Утврдување и управување со процесите кои придонесуваат за задоволство н корисниците и засегнатите страни и спроведување мерки за з големување на истото;
- Остварување лидерска улога на раководството;
- Активно учество на вработените во планирањето, спроведувањето и вреднувањето на сите активности во процесите на реализација на производите и услугите и активностите за животната средина;
- Идентификација, утврдување и менаџмент со процесите и ресурсите потребни за проведување, одржување и постојано подобрување на системите за менаџмент со квалитетот и животната средина;
- Постојано подобрување на квалитетот на услугите, и процесите на давање услуги;
- Посветеност кон исполнување на своите обврски за усогласеност со барањата во врска со животната средина;
- Одлучување врз основа на собраните и анализирани податоци;
- Развивање партнерски односи со испорачателите;
- Постојана модернизација на опремата и обука на вработените;
- Постојано следење и усвојување на светските трендови од доменот техниките за продажба, одржување, сервисирање и примена на најновите трендови и обука на вработените за нивна примена.

Кирил Воиновски
генерален директор

Скопје, 09.4.2025

PEUGEOT
OPEL
TotalEnergies
Milwaukee
Nothing but HEAVY DUTY
IRIMO
BAHCO

EUI-0751-01.04/v09